Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седница одржана на .12.2024 година, донесе

**Изменување на Јавен повик**
**за избор на членови на надзорен одбор за контрола на**
**материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Во Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр.25-4986/22 од 13.12.2024 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/24) се врши следното изменување:

- Во точка 1 ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК, во основна дејност на претпријатието, текстот: „36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода“, се менува и гласи: „93.11 – Работа на спортските објекти“.
- Во точка 8 во насловот РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВЕНИТЕ, зборот „ПРИЈАВЕНИТЕ“ се менува со „ПРИЈАВИТЕ“ и текстот: „Јавниот повик се објавува на ден 20.12.2024 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 25.12.2024 година“, се менува и гласи: „08.01.2025 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 13.01.2025 година“ и во текстот: незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови, зборот „управен“ се менува и гласи : „надзорен“

2. По донесувањето на овој акт од страна на Комисијата за статут и прописи ќе се изготви пречистен текст на Јавниот повик кој ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Велес и на веб страната на Општина Велес: www.veles.gov.mk, согласно член 128 од Деловникот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07, 3/09, 18/10 и 1/21).

3. Ова Изменување на Јавниот повик влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со арх.бр. 25-4986/22 од 13.12.2024 година.

Составен дел на оваа Одлука е Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со арх.бр. 25-4986/22 од 13.12.2024.

По утврдување на потребата за изменување во наведените делови во самиот јавниот повик, се предлага ова Изменување на јавниот повик до Советот.